Бр./Nr 12-2226/6
17.09 г./v. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, физичко лице, на 38-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 14 Септември 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2226/1 од 02.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице – -----------------------------------------, а со која се изразуваат сомневања за коруптивни дејствија во постапка за вработување на 1 (еден) извршител - -------------------------------- за потребите на ------------------------------, ---------------- по јавниот оглас бр. -------------------- од --------------- година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2226 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2226/1 од 02.04.2019 година .

Предметот со број 12 – 2226 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-2226 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2226/1 од 02.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице – ---------------------------------, а со која се изразуваат сомневања за коруптивни дејствија во постапка за вработување на 1 (еден) извршител - --------------------------- за потребите на ------------------------- по јавниот оглас бр. ---------------- од ---------------- година.

Пријавата за овој пријавен случај содржи наводи и сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата од службеното лице – ---------------------------------------------------------, така што, според подносителот, предност при изборот му е дадена и за вработување е избран кандидат кој не ги исполнувал барањата и условите од објавениот јавен оглас по однос на -------------------------------------------------------------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што, базирано на наводите од пријавата и заради целосно утврдување на фактичката состојба презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација од работодавачот -------------------------------------------------------------.

Последователно, по достава на барањето, до Државната комисија за спречување на корупцијата беше/е доставен писмен одговор од -----------------------------, со прилог – целосна документација од предметната

постапка за вработување вклучително и со пријавите на кандидатите за вработување и од нив приложената документација, актите од постапката за извршената селекција, за писмениот и усниот испит, за извршеното рангирање на кандидатите, за извршеното интервју, одлуката за избор на кандидат за вработување, како и копија од поднесената жалба во постапката и од одлуката на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Од сите прибавени и расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека наводите и сомневањата изнесени од подносителот на пријавата, од аспект на исполнување на условите за вработување од страна на избраниот кандидат, комплетноста на неговата пријава и други не се потврдуваат и се неосновани, а постапката за вработување според оценка на Државната комисија за спречување на корупцијата била/е спроведена согласно позитивните законски прописи.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 Септември 2020 година под бр. 12-2226/16**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил Г. Т., член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносител